# КОМЕНТАРИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА

| ЧЛЕН | ПРЕДЛОГ | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
|---|---|---|
| Член 7 | По ставот (3) да се додаде нов став (4) кој гласи:<br><br>„(4) Потрошувачите приклучени на електропреносната мрежа немаат право да бидат снабдувани од страна на снабдувачот во краен случај.“<br><br>Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12) и (13) ќе станат ставови (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13) и (14). | Оваа измена е неопходна да се превенира ситуација кога потрошувач со огромна потрошувачка бидува снабдуван од Снабдувачот во краен случај и на тој начин создава ризик да се наруши снабдувањето на малите потрошувачи и домаќинства кое го врши Универзалниот снабдувач кој истовремено е и Снабдувач во краен случај. Овие потрошувачи се најчесто директни учесници на пазарот на електирчна енергија и самите носат балансна одговорност. |
| Член 7 | Во ставот (10), точката на крајот на ставот се заменува со запирка, по што да се додаде тексотот:<br><br>„ а доколку потрошувачите не достават инструмент за обезбедување на плаќање Снабдувачот во краен случај има право да го раскине договорот за снабдување во краен случај со електрична енергија.“ | Со оглед дека договор на отворен пазар може да не се продолжи поради лоша финансиска дисциплина на потрошувачот, а притоа се работи за снабдување со елекрична енергија во период од најмногу 90 дена, правото на Снабдувачот во краен случај да бара инструмент за обезбедување на плаќање треба да се подржи со јасни одредби дека истиот мора да се обезбеди во примерен рок, во спротивно потрошувачот ќе биде исклучен. |
| Член 10 | Во ставот (1), точката 2. да се избрише.<br><br>Точките 3. и 4. да станат 2. и 3. | Оваа точка може единствено да створи забуна при имплементацијата. Оддалечено подрачје не е дефинирано, а оддалеченоста сама по себе не треба да биде критериум за ранливост на потрошувачите. |
| Член 52 | Во ставот (2), во точка 5., зборовите „и по потреба ги ревидира тие планови“ да се избрише | Плановите кога ќе се одобрат од Регулаторната комисија не треба да се менуваат поради предвидливост и финансиска стабилност на ОДС за реализација на потребните инвестиции. |
| Член 69 | Во ставот (1) да се додаде нова точка 3., која гласи:<br><br>„3. операторите на соодветните системи против корисниците кои не дозволуваат пристап до мерните уреди на начин предвиден во овој закон, при што ќе има право да поднесува прекршочни пријави против овие | Овој предлог треба да помогне во обезбедувањето на пристап кое е законско право на операторите а законска обврска за корисниците. Во моментот не постоиу начин како да се отпочне прекршочната постапка во случај кога корсиник не го ја исполнува законската обврска за обезбедување на непречен пристап до мерно место и на тој начин останува неказнет кога попречува пристап. Глобите се веќе предвидени во |

| | | |
|---|---|---|
| | корисници до надлежниот прекршочен суд, како и да застапува пред надлежниот прекршочен суд  по поднесената пријава“ | Член 284 од законот, останува единствено начинот на иницирање на прекршочната постапка од орган надлежен за надзор. |
| Член 69 | Во ставот (5), точката на крајот да се замени со запирка и да се додаде текстот „при што не се спречува правото на ниту една страна на поведување на судски спор.“ | Причината за овој предлог е да се појасни за судовите дека надлежноста останува и да не се прогласуваат за ненадлежни префрлајќи ја надлежноста кон Регулаторната комисија за енергетика. |
| Член 70 | Во ставот (3) точка 3. да се избрише. | Производители со инсталирана моќност од 500 kW претставуваат значителни производствени капацитети и сметаме дека мора да бидат предмет на лиценцирање. Во спротивно, тие ќе бидат нелојална конкуренција на останатите производители а исто така ќе го нарушат концептот на потрошиувачи производители. |
| Член 98 | Во ставот (1) во точката 1., зборот „сите“ да се избрише. | Практично е невозможно сите потрошувачи, производители и оператори на складишта да бидат приклучени на електрдистрибутивна мрежа, а определени барања за приклучување се одбиваат поради недостиг на технички услови во електродистрибутивната мрежа. |
| Член 98 | Во ставот (10), по зборот „електропреносниот“ да се додадат зборовите „ и/или електродистрибутивниот“ | Правото на операторот на  електропреносниот систем да се прошири и на операторот на електродистрибутивниот систем. |
| Член 98 | Во ставот (10), во точка 1., зборот „гарантираниот“ да се замени со зборот „расположливиот“. | Појаснување на термин |
| Член 99 | Во ставот (4) точката 2. и точката 3. да се избришат.<br><br>Точката 4. да стане точка 2. | Решението за согласност за приклучување претставува технички документ и во истиот не треба да се утврди надоместокот за приклучување што треба да го плати корисникот, ниту пак рокот за изградба на приклучокот. Ова е особено значајно што издаденото решение има подолг рок на важење, при што корисникот може да склучи договор за приклучување после подолг временски период по издавање на Решението за согласност за приклучување, во кој може да дојде до значителна промена на цените и трошоците како и рокот за изградба да се продолжи. Надоместокот за приклучување и рокот за изградба треба да бидат дел од договорот за |

| | | |
|---|---|---|
| | | приклучување кој на корисникот му се доставува истовремено со согласноста за приклучување. |
| Член 99 | Во ставот (5), точката на крајот на ставот да стане запирка, по која ќе се додаде текстот „како и во други случаи предвидени во соодветните мрежни правила“ | Да се предвидат и други случаи на престанување на важност на Решението за согласност кои се предвидени во Мрежните правила, како издавање на ново Решение за согласност или неприфаќање на условите за приклучување преку електронската платформа во рок од 90 дена од денот на издавање на Решението и слично. |
| Член 99 | Да се додаде нов став (6) кој гласи:<br><br>„(6) Операторите на системите од ставот (1) на овој член имаат право да донесат и условно и времено Решение за согласност за приклучување, во кое покрај стандардните елементи детално ќе бидат регулирани и условите кои треба да се исполнат за да се изврши приклучување на системите и рокот на важење на истото.“ | Во сегашното законско решение е предвидено единствено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа без никакви временски ограничувања, услови како и Решение за одбивање на барањето. Во пракса многу често се случува постапката за одобрение за градење да трае неколку години, а постои можност за привремено приклучување на барателот од друг извод, додека се реализира трајното техничко решение. Дополнително постојат ситуации кога моментално не постојат технички услови за приклучување на електродистрибутивниот систем согласно поднесено барање. Условите за приклучување ќе се исполнат по завршување на постапка за одобрување за инсталирање на нов енергетски трансформатор од страна на АД МЕПСО. |
| Член 119 | Во ставот (1) во точка 3. и во точка 5. да се појаси термин “правила за работа на соодветниот систем“ | Дали овие правила се дел од Мрежните правила (поглавје Оперативни правила) или се работи за одделни правила? |
| Член 131 | Во ставот (1), по точка 1. да се додаде нова точка 2. која гласи:<br><br>„ 2. да овозможи зголемување на одобрена моќност на веќе приклучени производители, складиштата и потрошувачи на електрична енергија, како и електродистрибутивните системи во Република Северна Македонија“ | Овој дел не е опфатен како обврска на ОЕПС, кога приклучени корисници на електропреносен систем имаат потреба за зголемување на моќност. |
| Член 131 | По ставот (1) да се додаде нов став (2) кој гласи:<br><br>(1) „ При приклучувањето на електропреносната мрежа од став (1) точка 1. на овој член, операторот на електропреносниот систем е должен да даде приоритет на приклучувањето на:<br>1. електродистрибутивните системи. | Имајќи ја предвид обврската за јавна услуга на операторот на електродистрибутивниот систем, овие барања би требало да имаат предност пред сите останати барања од инвеститори. |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. производителите кои користат обновливи извори и складиштата на електрична енергија, за кои постои можност да се приклучат на инфраструктура која веќе е приклучена на преносната мрежа.“<br><br>Ставовите (2) и (3) да станат ставови (3) и (4) | Исто така, веќе приклучените приватни мрежи треба да се искористат максимално за овозможување на поголема интеграција на производителите, складиштата и потрошувачите на електрична енергија. |
| Член 158 | Да се додаде нов став (6) кој гласи:<br><br>„Секое постапување на корисникот на системот спротивно на обврските предвидени во ставот (5) ќе претставува прекршок за кој е предвидена прекршочна глоба и во тој случај операторот на електродистрибутивниот систем има право да поднесе посебна пријава до Регулаторната комисија за енергетика, која има право да поднесува прекршочни пријави до надлежен суд против корисниците.“<br><br>Ставот (6) да стане став (7). | Намерата е со овој предлог да се создаде дополнителен притисок врз корисниците да ги исполнат своите обврски за обезбедување на пристап согласно овој закон. |
| Член 170 | Во ставот (1), зборовите „склучен во писмена форма“ да се избришат. | Непотребно ограничување кое може да предизвика нарушување на процесите, особено во контекст на развојот на масовниот пазар на електрична енегрија, каде веројатно договори ќе бидат возмжни и во електронска форма (потрошувач ги чита условите, клика дека се согласува, добива код за потпишување кој го внесува и електронски го потпишува договорот). Исто така, дел од постојните корисници немаат писмен договор за снабдување. |
| Член 173 | Во ставот (2) во точка 2., подточка 2.2., после зборовите „преку агрегатор“ да се додаде „или снабдувач“ | Да се предвиди можност активен потрошувач да ја продата својата енергија на снабдувачите. |
| Член 275 | Во ставот (1) во точка 2., пред зборовите „не ги приклучи производителите“ да се додаде зборот „неоправдано“. | ОДС има право да одбие барање за приклучок и барање за пристап во случаи определени во овој закон и друг пропис. Потребно е да се појасни дека ваквото одбивање нема да се смета за прекршок, доколку истото е оправдано. |
| Член 284 | Во ставот (2) бројот 200 да се замени со бројот 300. | Повисока глоба за корисник кој не дозволува пристап за да има поголемо одвратувачко дејство. |

| | | |
|---|---|---|
| Член 286 | Ставот (3) да се избрише. | Овој рок е премногу краток и со оглед на специфичноста на постапката и сите поврзани процеси, сметаме дека истиот не треба да се утврдува со закон. Во законот веќе стои дека треба да се спроведе во рок од 3 недели, а секој пократок рок по потреба може да се пропише во Правила за снабдување, каде ќе се предвидат сите други постапки и обврски за чинителите кои би требало да го направат овој рок возможен за имплементација (колку пати во рок од еден месец може да се промени снабдувач, комуникацијата помеѓу засегнатите страни, можноста за физичко спроведување а активностите од страна на ОДС и слично). Доколку остане оваа одредба, без дополнителни појаснувања, може да создаде многу непредвидени проблеми и да го наруши слободниот пазар на електрична енергија. |